# AGROTURISM AS A MEASURE FOR ECONOMIC DEVELOPMENT ON THE RURAL ENVIRONMENT

**Goran Mihajlovski**
Faculty of Biotechnical Sciences – Bitola, Republic of Macedonia, goran.mihajlovski@gmail.com,
**Trajan Dojcinovski**
Faculty of Biotechnical Sciences - Bitola, Republic of Macedonia, tdojcinovski@gmail.com,
**Katerina Bojkovska**
Faculty of Biotechnical Sciences - Bitola, Republic of Macedonia, katerina.bojkovska@uklo.edu.mk,
**Nikolce Jankulovski**
Faculty of Biotechnical Sciences - Bitola, Republic of Macedonia, nikolcejankulovski@yahoo.com

**Abstract:** As an important business model for development of the rural environments, whose agricultural products are with decreased competitiveness on the markets, the emergence of agro-tourism is an important tool for their survival. The locals, aiming to increase the promotion of their products and the rural environments where they live, join together and organize different festivals and tours, to attract more and more tourists that will contribute for their economic development. Namely, the tourists that stay in the rural environments, are interested in the traditional rural food and its production, can open a communication with the producers on the spot and talk to them. This type of interactive manner of development of the rural tourism is of a great interest, especially for the tourists who with coming from the big urban environments, have not seen domestic animals and have not participated in the harvest of the fruits and the vegetables, nor have seen or participated in the development of the farming production.
Nevertheless, the agrotourism, as an interactive touristic activity, satisfies the needs of the contemporary way of life more and more, because the contemporary urban environments do not allow that to the contemporary person in the urban environments where he functions. That is why the rural tourism or the agro tourism has a great economic significance and is tightly connected with the social and the natural segments that bring the development to these environments, where the successful management of this type of tourism, puts an accent on the development of the rural environments. Namely the concept of  the functioning of the agro tourism is based on the offer and the demand of the rural environments, the accommodation facilities, the nourishment, the human factor, the international experiences connected to the rural development, and the management of the rural tourism and the implementation and the usage of the european funds for development of the rural tourism as well.
This concept of development of the agro tourism gives a positive answer to the question if the agro tourism contributes to the economic development of the rural environments, i.e. if this concept of development of these environments leads to revival of these places, and with that attracting bigger number of tourists. This previous conclusion for the development of the agro tourism is due to the connection between the development of the tourism in international frames and the development of the rural tourism in local frames, because the rural tourism or the agro tourism is one interactive activity that besides the economic development of the rural environments can offer a solution for the existential problems in the rural environments, especially regarding the rate of unemployment in these environments.
**Keywords:** agrotourism, rural environments, tourists, tourism offer,  economic development.

# АГРОТУРИЗМОТ КАКО МЕРКА ЗА ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ НА РУРАЛНИТЕ СРЕДИНИ

**Михајловски Горан**
Факултет за биотехнички науки – Битола, goran.mihajlovski@gmail.com,
**Дојчиновски Трајче**
Факултет за биотехнички науки – Битола, tdojcinovski@gmail.com,
**Бојковкса Катерина**
Факултет за биотехнички науки – Битола, katerina.bojkovska@uklo.edu.mk,
**Јанкуловски Николче**
Факултет за биотехнички науки – Битола, nikolcejankulovski@yahoo.com

**Абстракт:** Како важен бизнис модел за развој на руралните средини чии земјоделски производи се со намалена конкурентност на пазарот појавата на агротуризмот преставува важна алка за нивниот опстанок.Мештаните со цел да ја зголемат промоцијата на нивните производи и селски средини каде живееат се здружуваат и организираат разно-разни фестивали и тури се со цел привлекување на што поголем број на туристи кои би придонесле за нивни економски развој. Имено туриситите кои престојуваат во селските средини а се заинтересирани за традиционалните селски јадења и нивно производство можат да остварат контакт на лице место со производителите и да разговараат за истите, ваквиот интерактивен начин на равој на селскиот туризам е од голем интерес особено  кај туристите кои доаѓајќи од големите урабни средини дотогаш не виделе домашни животни и не учестувале во берба на овошје или зелнчук или пак не виделе и не учествувале во равојот на фармерското производство.
Сепак  агротуризмот како интерактивна туристичка дејност се повеќе ги задоволува потребите на современиот начин на живеење бидејќи современите урбани средини во голем степен тоа и не му го дозволуваат на современиот човек во урбаните средини каде што функционира.Затоа руралниот туризам или агротуризмот има големо економско значење и е тесно поврзан со социјалните и природните сегменти кои доведуваат до развој на овие средини каде успешното менаџирање со овој вид на туризам става акцент на развојот на селските средини. Имено концептот на делување на агротуризмот се темели на понудата и побарувачката на руралните средини,сместувачките објекти, исхранта, човечкот фактор, меѓународните искуства кои се поврзани со руралниот развој, менаџирањето со руалниот  туризам како и имплеметацијата и користењњто на европските фондови за развој на руралниот туризам.
Овој концепт на развој на агротуризмот го дава и позитивниот одговор на прашањето дали агротуризмот придонесува за економски развој на руралните средини  односно ваквиот концепт на развој на овие средини доведува до заживување на овие места, а со тоа и привлекување на што поголем број на туристи. Ваквата претходна констатација за развојот на агротуризмот се должи на поврзаноста помеѓу развојот на туризмот во светски рамки и развојот на руралниот туризам на локално ниво, бидејќи руралниот туризам или агроттуризмот е една интерактивна дејност која покрај економскиот развој на селските средини може да понуди и решение за егзистенцијалните проблеми во селските средини особено во делот на проблемот со стапката на невработеност во овие средини.
**Клучни зборови:**агротуризам, рурални средини, туристи, туристичка понуда, економски развој.

## ВОВЕД

Селскиот туризам односно агротуризмот е модел на туризам каде се става акцент на угостителството на фармите во селото.Односно овој тип на туризам може уште и да се нарече интерактивет туризам бидејќи на туристите кои претстојуваат во селото им се дава можноста да учествуваат во работата на фармата за време на нивниот престој в селото.Имено овој тип на туризам често се практикува во винксите реони во руралните средини во земјите од Европската унија, но денес се почесто се јавува и во руралните средини во Македонија.

Начинот  на кој што учествваат туристите во развојот на туризмот во селата е преку нивно учество во берење овошје,зеленчук,јавање коњи, дегустација на селски производи и други автентични селски јадења,купување на сувенири од селските продавници за подароци, купување на земјоделски производи од селските пазарчина, купување на рачно изработени автентични селски предмети и други нешта, кои ги карактеризираат автентичните селски средини каде престојуваат туристите. Така да во однос на ова може да се каже дека жителите на тие селски средини за да придонесат што повеќе за нивниот економски развој во селата каде што живееат нудат посебни и неазборавни искуства за цели семејства на туристи кои престојуваат во нивните села со цел што подолго го продожат нивниот престој во селата.

Во контест на претходно изнесеното во овој труд се прави краток осврт на тоа колку развојот на селскиот туризам или поточно агротуризмот како мерка може да придонесе за зголемување на економскиот равој на руралните средини т.е селата со цел спречување на синдромот на т.н “празни села“  односно иселувањето на луѓето од тие средини и нивно мигрирање во поголемите градови.

## 1.ПОИМ И СУШТИНА НА АГРОТУРИЗМОТ

Под поимот агротуризам се сретнуваат разни називи како на приемр еко – туризам, селски туризам, еко-рурален туризам итн. Агротуризмот е концепт на туризам во селските домаќинства, кој се темели на

користење на руралниот простор во контекст на туристичките понуди. Овој вид на туризам е надвор е од урбаните населби и нема масовен облик. Руралниот туризам подразбира поттикнување на развојот на нови туристички дестинации на континентот. Дел е од континенталниот туризам. Се одвива во селските стопанства чија егзистенција се темели на земјоделството, а вишокот од своите производи го пласираат низ новиот продажен канал – туризам.

Подолг временски период воопшто не се гледало на руралната средина како на носител на туристичкиот потенцијал. Така да самиот недостаток на поголем број на посакувани туристи кои би ги посетиле селата и подолг временски период би престојувале во нив ги поставиле руралните средини во опсегот недостапен за туризам.

Овој алтернативен вид туризам во однос на понуда, побарувачка, местоположба предизвикан е пред се од:[197]

- Заситеност од туристичка понуда со стандардни традиционални туристички производи (море, езеро, планина, посета на градови)
- Еколошко и морално уништување на туристичките ресурси; и
- Претераната динамизација и компјутеризација на градската средина.

Руралниот туризам се одвива во средина која е релативно незагадена, спокојна и населена од страна на традиционални заедници, задоволувајќи повеќе потреби[198]:

- Потребата да се „избега“ со цел намалување на тензична состојба, придружено со активно или пасивно учество во различни туристички активности
- Потреба од одржување и обновување на здравјето
- Потреба од знаење, учење и едукација
- Потреба поврзана со желбата да се посетат роднини и пријатели и
- Потреба од убаво и ново.

Имено се смета дека луѓето од урбаните средини имаат значен фактор во развојот на агротуризмот бидејќи секогаш нивната потреба за мир,тишина, природни пејсажи, свеж воздух, селска автентичност, традиција и гостопримство и прошетките во природа ќе ги доведува во селата.

Потребно е да се исполнат повеќе фактори, кои се претпоставка за развој на овој алтернативен вид туризам. Основните фактори кои овозможуваат постоење на руралниот туризам можат да бидат формулирани на следниот начин[199]:

- постоење на природни туристички ресурси;
- соодветна материјално-техничка база (објекти за сместување);
- човечки фактор;
- институционална поддршка;
- изградена социјална и производствена инфраструктура;
- постоење на постојана туристичка побарувачка;
- ефективно користење на капацитетите за сместување и
- безбедност во руралните средини.

Затоа може да се констатира дека концептот и суштината на агротуризмот има значајна улога во развојот на руралните средини кој доведува до нивни забрзан економски развој преставуајќи причина плус луѓето од тие средини да остант да живеат во селата да не се иселуваат во градовите, а притоа користејќи ги општествено-одговорно природните ресурси и автентичноста на сопствените места за живеење како извор за егзистенција.

## 2.ПОТРЕБАТА ОД РАЗВОЈ НА АГРОТУРИЗМОТ

За занимавање со рурален туризам или некој негов дел треба да се проверат предусловите од опкружувањето, некои сопствени предности, како и предусловите на своето домаќинство.
Оние кои решиле да се занимаваат со рурален туризам можат да понудат:[200]

[197] Добрева, С., ед., “Село и туризъм”, Институт по социология при БАН, Аля, София, 2007 стр.85
[198] Gogonea, R., Hapenciuc, C., Dragan, I., “The link between local and global management in the rural tourism”, The Annals of the "Ştefan cel Mare" University Suceava. Fascicle of The Faculty of Economics and Public Administration Volume 9, No.1(9), 2009, (pdf)

[199]Статев, В., “Селски туризъм”, Фа бер, Велико Търново, 2007 стр.39

- **угостителски услуги во домаќинството – само со издавање на соби,апартмани или куќи,**
- **угостителски услуги во селско домаќинство – на групи од излетници дневно, претежно со храна и напитоци од свое производство,**
- **угостителски услуги на пловен објект и сл.**

Во занимавањето со рурален туризам предност е тоа што селските стопанства заработувачката ја остваруваат во своите сопствени дворови, тоа подразбира активно вклучување на целото семејство.Потреба за развој на агортуризам најадекватно може да се прикаже преку SWOT анализа SWOT анализата во себе ги интегрира четирите главни фактори и тоа:[201]

• **Јаките страни** на - географската локација, човечките потенцијали, финансиските поволности, организацијата на институциите, инфраструктурните елементи и маркетингот на дестинацијата, **Слабите страни** и ограничувањата кои се појавуваат во локален контекст, независно од регионалните и светските трендови во индустријата,

**Можностите** кои ќе резултираат со подобро искористување на потенцијалот доколку се надминат слабите страни и ограничувања, и

**Заканите** или надворешните фактори кои може да го оневозможат натамошниот развој на агротуризмот.

Најдобро развојот на агротуризмот може да се прикаже преку направена **SWOT** анализа во делот на инфраструктура и тоа на следниот начин:

***Табела бр.1 SWOT анализа на инфраструктурата за потребата од развој на агротуризмот***

| Јаки страни | Слаби страни | Можности | Закани |
|---|---|---|---|
| **Меѓународни аеродроми и аеродроми во соседните земји**<br><br>**Развиена телекомуникациска и информатичка инфраструктура** | Неразвиената патна инфраструктура на локално ниво и трошоци за одржување | Користење на Европски фондови за развој на локалната патна мрежа | Финансиската криза/намалување на инфраструктурните инвестиции во селата |

**Извор: http://www.konkurentnost.mk/StrateskiDokumenti/nacionalna/strategija/za/ruralen/turizam.pdf,p45**

Од **табела број 1**, SWOT анализа на инфраструктурата за потребата од развој на агортуризмот може да се види дека она што преставува јака страна е постоењето на комплента сообраќајна инфраструктура за пристап до руралните средини и нивна покриеност како телекомуникациска така и информатичка,меѓутоа она што претставуа слаба страна е неадекватната патна инфрастурктура која е потребна за развој на руралниот туризам или турзимот воопшто. Но сепак како можности за нејзино подобрување се користењето на финансиските средства од европските фондови наменети за таа цел.

## 3. ОПРАВДАНОСТА ОД ИМПЛЕМЕНТАЦИЈАТА НА АГОРТУРИЗМОТ КАКО МЕРКА ЗА ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ НА РУРАЛНИТЕ СРЕДИНИ

Оправданоста од имплементацијата на агортуризмот како мерка за економски развој на руралните средини го дава одговорт на тоа дека агротуризмот е дејност која може добро да се развива од било кој аспект било тоа да е егзитенцијален, социјален или културолошки, а притоа парарелно да овозможува и забрзан економски разој на самите руралните средни. Во контекст на претодно изнесеното постојат повеќе сегменти кои би се наметнале како прашања за тоа колку е оправдана имплементацијата на агротуризмот во руралните средни. Сепак како поважни би биле прашањата за тоа колква е посетеноста на туристите во текот на годината во руралните средини од чија што посетеност произлегува и заинтерисираноста за занимавање со агротуризмот како економска развојна дејност во руралните средини.

[200] http://agroalternativa.info
[201] http://www.konkurentnost.mk/StrateskiDokumenti/NAcionalna%20strategija%20za%20ruralen%20turizam.pdf,p 42

***Прашање:1.Причини за занимавање со агротуризам во руралните средини?***




**Графикон бр.1 Причини за занимавање со агротуризам во руралните средин**

Од **графиконот број 1** може да се заклучи дека главните причини за занимавање со агротуризам во руралните средини се финансиите, потоа следуваат поволната местоположба и поволните услови за живот на одредено место, семеен бизнис, желба за развој на одредено место, љубов кон одредено место, контакт со луѓе од локалните средини и поради хоби.[202]

***Прашање:2. Сезонска посетеност на туристите во руралните места?***




**Графикон бр.2 Сезонска посетеност на туристите во руралните места**

Од **графиконот број 2** се гледа дека најголем број на туристи ги посетуваат руралните средини поради туризам во летниот приод и тоа 92% од туристите, а тоа говори дека и заработувачката во тој период е поголема за разлика од другите месеци во годината. Затоа е потребно да се стави акцент за развој на агротуризмот и во другите месеци од годината се со цел обезбедување на континуиран економкси развој.[203]

## ЗАКЛУЧОК

Од досегашниот осврт за тоа дали агортуиризмот може да придонесе за забрзан економски равој на рурланите средини може да се каже дека тоа претставува значителен потенцијал кој се темели на следното:

- располагањето со убави природни предели,
- поволната географската местоположба на селските средини и

нивната гастрономско-куртулорошка понуда,

- рурални средини кои нудат мир и спокјство на туристите за разлика од бучните урбани средни,
- понудата на чист воздрух и здрава органска храна,
- богато историско и културно наследство,
- понуда на богатиот селски фолкор,
- прекрасната селска архитектура итн.

Богатиот фонд на автентични, традиционални ресурси и културни, природни производи согласно глобалниот тренд во руралниот туризам нудат можности за развој на оваа гранка. Така да уникатноста на приодот кон традиционалните производи кај населението од руралните средини е добра основа за креирање на специфичен концепт за развој на агротуризмот во селските средини. Имено големите процеси на индустријализација имаат главен акцент на урбаниот начин на живеење кај луѓето каде таквито стресен начин на нфункционирање во големите градови доведува до пojaва на контраурбанизација која се имплкементира со зоглемен интерс на луѓето за руралните средини.

[202] Д. Методијески,“Туризмот во руралните средини“ ,Скопје 2012,стр.188
[203] Д. Методијески,“Туризмот во руралните средини“ ,Скопје 2012,стр.189-190

Од овие причини се појавуа потребата од изнаоѓање на нови географски селски региони кои ќе гопоттикнат развојот на агортуризмот а со тоа ќе го пттикна привлекувањето ан се поголем борј на трусити од големите бучни градови да уживаат во благодетие на она жто го нудат природните и еколошки чисти селски средини.

Врз основа на тоа како заклучно согледување може да се констатира дека успешниот развој на агортуризмот во руралните средни е важен за економскиот опстанок на луѓето во селата бидејќи директно или индиректно им дава голема можност да си дозволот зголемување на своите дополнителни или основни приходи во семсјтвото а со тоа и спречување на нивно иселување од селските средини во градовите.

**КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА**

[1] Методијески, Д..“Туризмот во руралните средини“ ,Скопје 2012
[2] Статев, В., “Селски туризъм”,Велико Търново, 2007
[3] Gogonea, R., Hapenciuc, C., Dragan, I., “The link between local and global management in the rural tourism”, The Annals of the "Ştefan cel Mare" University Suceava. Fascicle of The Faculty of Economics and Public Administration Volume 9, No.1(9), 2009
[4] Добрева, С.. “Село и туризъм”, Институт по социология при БАН, Аля, София, 2007
Интернет линкови
[5] http://agroalternativa.info
[6] http://www.konkurentnost.mk/
[7] http://agroalternativa.info